

ЕВРОПСКАТА УНИЈА
НА РАБ НА ПОВРАТОК ВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Зоран Нечев и Ненад Марковиќ*
*со придонес од Иван Николовски*

*Март 2018*

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје
Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје
Konrad Adenauer Stiftung



# ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА РАБ НА ПОВРАТОК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Март 2018*

*Зоран Нечев и Ненад Марковиќ*
*со придонес од Иван Николовски*

*Гледиштата изразени во овој извештај се на авторите
и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата
Конрад Аденауер и Институтот за демократија
“Социетас Цивилис” - Скопје.*

# ИМПРЕСУМ

**Наслов:** Европската Унија на раб на повраток во Република Македонија

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје

**Автор:** Зоран Нечев и Ненад Марковиќ
со придонес од Иван Николовски

**Лектура:** Винета Огненоска

**Дизајн и подготовка:** Владимир Барлакоски

*Публикацијата може бесплатно да се преземе на:*
*http://www.kas.de/mazedonien/mk*
*http://www.idscs.org.mk*

# ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА РАБ НА ПОВРАТОК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Зоран Нечев и Ненад Марковиќ*
*со придонес од Иван Николовски*

## Наоди

- Најголем дел од испитаниците (41,8%) сметаат дека Европската Унија (ЕУ) е најдобар сојузник на Македонија, а по неа следат Соединетите Американски Држави (САД) (16,6%) и Русија (13,8%).
- Ваквата перцепција останува непроменета по етничка основа; сепак, може да се забележи огромен јаз меѓу етничките Албанци (61,5%) и етничките Македонци (36,4%) во поглед на ставот дека ЕУ е најдобриот сојузник на земјата.
- Испитувајќи според политичката припадност, симпатизерите на сите политички партии ја идентификуваат ЕУ како најдобар сојузник на Македонија. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ ја перципираат Русија како втор најдобар сојузник на земјата (23,4%), додека овој процент е исто така значаен и меѓу базата поддржувачи на Левица (16,7%) и СДСМ (9,2%).
- Мнозинство од испитаниците (40,8%) ги перципираат САД како надворешен фактор со најголемо влијание во земјата, позиционирајќи ја ЕУ на второ место (38,1%) и Русија на трето место (3,7%).
- Испитувајќи според етничката припадност, Македонците ги перципираат САД (43,5%), додека Албанците веруваат дека ЕУ е највлијателниот надворешен фактор во Македонија (53,4%).

- На ЕУ се гледа како на најголем донатор во земјата од страна на мнозинство од испитаниците (42,8%), по што следат САД (16,6%) и Турција (8,2%). Сепак, најголем дел од испитаниците не се воопшто информирани за износот парични средства кои ги дава најголемиот донатор (69%). Од останатиот процент на информирани испитаници, мнозинството (8,1%) смета дека ЕУ ѝ дава на земјата повеќе од 200.000.000 евра годишно.

- Речиси две третини од испитаниците сметаат дека членството во ЕУ ќе придонесе значително или во огромна мера кон зајакнување и спроведување на различни сегменти од владеењето на правото. Најпозитивни перцепции се насочени кон подобрување на спроведувањето на судските одлуки (58,2%).

- Испитаниците етнички Албанци покажуваат поголема доверба во тоа дека пристапувањето кон ЕУ ќе има позитивно влијание врз владеењето на правото во земјата.

- Испитувајќи според политичката припадност, поддржувачите на СДСМ се дефинитивно најголеми оптимисти за улогата на ЕУ во зајакнување на владеењето на правото во земјата, по што следат поддржувачите на ДУИ и БЕСА, додека ВМРО-ДПМНЕ се чини дека се најрезервирани испитаници.

- Перцепцијата за ЕУ, како промотор на владеењето на правото во Македонија, е цврсто утврдена во мислењето на јавноста. Испитаниците, во сите поврзани категории во оваа област, севкупно земено, даваат повеќе позитивни одговори отколку негативни што укажува на позитивната перцепција за ЕУ како промотор на владеењето на правото во земјата и со тоа се потврдува нејзиното конструктивно влијание.

- Што се однесува до довербата во Владата да испорача резултати по однос на прашања поврзани со владеењето на правото се забележува јасен скептицизам во перцепциите на јавноста. Имено, во осум од девет испитани категории, збирниот процент на негативни одговори е видно поголем од збирниот процент на позитивни одговори.

- Највлијателниот фактор во перцепциите за довербата во Владата во однос

на тоа дали ќе испорача резултати по прашањата поврзани со владеењето на правото е политичката припадност, додека етничката припадност и степенот на образование имаат многу мала улога.

# Заклучоци

- Перцепцијата за ЕУ како влијателен надворешен фактор бележи значаен пораст споредено со истражувањето спроведено минатата година (38,1% споредено со 28,1%), додека перцепцијата за руското влијание се има намалено од 6,2% на 3,7%. Овие податоци би можеле да бидат протолкувани како позитивна оценка на граѓаните за улогата која ја играше ЕУ во решавање на кризата во Македонија.
- Поголемата вклученост на ЕУ во домашните политички работи (реформи во периодот по политичката криза) се чини го зголеми кредибилитетот и видливоста на Унијата меѓу македонските граѓани. Ова резултираше со значаен пад на поддршката за Русија како посакуван сојузник (од 25% на 13,8%).
- Мнозинство од испитаниците ја перцепираат ЕУ како најголем донатор во Македонија; сепак, не успеваат да го препознаат износот на инвестирани парични средства, со што на површина испливува прашањето за видливоста во овој специфичен сегмент и стратешката комуникација на ЕУ на терен.
- Во однос на улогата на ЕУ во јакнење на владеењето на правото во Македонија, убедливо мнозинство испитаници има позитивни одговори. Ваквата перцепција беше мерена преку седум различни категории на владеење на правото, како што се независност на судството, спроведување фер истраги од страна на обвинителството, почитување/спроведување на законите од страна на самата власт, доследност и континуитет на законите, спречување на злоупотреба на јавните функции, гарантирана

еднаквост пред законот и ефективно и неодложено спроведување на судски одлуки.

- Земајќи предвид дека во 2017 година речиси 70% од испитаниците одговорија дека процесот на пристапување кон ЕУ ќе придонесе или донекаде ќе придонесе кон владеење на правото во земјата, би можело да се заклучи дека ваквиот позитивен тренд се стабилизираше во земјата. Имено, податоци од сегашното истражување укажуваат на тоа улогата на ЕУ постојано се перципира како позитивна во поглед на унапредување на владеењето на правото.
- Долгогодишната политичка криза во земјата придонесе јавните перцепции во неа да бидат особено скептични и цинични во поглед на изразување доверба во Владата за испорачување резултати по прашања поврзани со владеењето на правото. Се јавува широко распространета недоверба во домашниот институционален систем која е како резултат на широко распространетата негативност не само кон способноста на Владата да испорача резултати во областа владеење на правото, туку и широко распространетата негативност кон судството, медиумите, службите за безбедност и контраразузнавање, како и другите институции на системот.
- Јавните перцепции за политичките прашања, како што се доверба во Владата за испорачување резултати во областа владеење на правото, се високо опортунистички и диктирани од политичката ориентираност. Ова укажува на „стратешко позиционирање“ на јавните перцепции врз основа на тоа дали партијата за која се гласа е на власт или не.

# Вовед

Во Глобалната стратегија за надворешната и безбедносната политика на ЕУ за 2016 година (ЕУГС) е претставен интересот на европските граѓани, притоа правејќи корелација меѓу нејзината внатрешна и надворешна безбедност. Додека, од една страна, се укажува дека тие се „сè поиспреплетени“, Стратегијата наведува дека „нашата [ЕУ] безбедност дома зависи од мирот надвор од нашите граници“. Во однос на регионот на Западен Балкан, во ЕУГС се нагласува дека „кредибилната политика на проширување претставува стратешка инвестиција во безбедноста и просперитетот на Европа“.

Одржувањето кредибилна перспектива на проширување за Западниот Балкан беше исто така потенцирано во обраќањето за состојбата на Унијата во 2017 година на претседателот на Европската комисија, г. Јункер.[1] Соодветно на ова, во февруари 2018 година, Европската комисија издаде документ насловен „Кредибилна перспектива за проширување и зајакнат ангажман на ЕУ со Западен Балкан“[2] со кое се потврдува европската иднина на регионот како геостратешка инвестиција за стабилна, силна и обединета Европа заснована на заеднички вредности.

1 Видете http://europa.eu/rapid/press-release_SPEECH-17-3165_en.htm

2 Видете https://ec.europa.eu/commission/sites/beta-political/files/communication-credible-enlargement-perspective-western-balkans_en.pdf

Сите земји во регионот се кревки на различен начин и одолговлекувањето на процесот на пристапување би можело да биде катастрофално за стабилноста во регионот, а со тоа и за стабилноста на Европа. Дотолку повеќе што меѓународни актери го зголемуваат своето присуство и влијание во регионот и што тоа понекогаш дури се користи и за застранување на земјите од нивниот европски пат. Овие актери ја пополнуваат празнината оставена од ЕУ како резултат на нејзиниот намален ангажман во регионот во изминатиот период.

Случајот на Македонија е типична лектира за кредибилитетот на ЕУ во регионот. Кога ЕУ конечно донесе одлука да се ангажира, ѝ помогна на земјата да закрепне по „доаѓање на работ од карпата“[3] и да растури најразлични сценарија (неверојатни за мнозинството граѓани) за иднината на земјата кои лебдеа во воздух. Ваквиот нов моментум и енергија се препознаени и ценети од страна на граѓаните, како што открива телефонската анкета на ИДСЦС спроведена во месец декември 2017 година, врз примерок од 1100 испитаници.[4] Поголемата вклученост на ЕУ во домашните политички случувања (и реформи во периодот по кризата) се чини го зголеми кредибилитетот и видливоста на Унијата меѓу македонските граѓани. Ова исто така резултираше со пад на перцепцијата за руското

3 Повеќе информации: Andrew Rettman “Nato prepares to take in Macedonia” на https://euobserver.com/enlargement/140616

4 Примерокот е репрезентативен по пол, возраст (над 18 години) и етничка припадност, а исто така вклучува репрезентативна покриеност на испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и со маргина на грешка од ±3%.

влијание. Додека во 2016 година[5] 21,8% од испитаниците гледаа на ЕУ како на највлијателниот надворешен фактор, една година подоцна, 38,1% од испитаниците го делат тоа мислење. Од друга страна, додека 6,2% од испитаниците ја перципираа Русија како највлијателен надворешен фактор во 2016 година, само 3,7% од испитаниците ја имаат истата перцепција во 2017 година.




Кога се испитува според етничката припадност на испитаниците, одговорите на испитаниците варираат. Етничките Македонци ги перципираат САД како највлијателен надворешен фактор (43,5%), по што следат

5 Повеќе информации: Зоран Нечев и Христијан Петрушевски. „Кредибилитетот на ЕУ во Република Македонија е доведен во прашање" ИДСЦС: 2017. Скопје Видете http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2017/02/Publication-EU-credibility-at-stake-in-Macedonia.pdf (пристапено на 31-ви јануари 2017).

ЕУ (34%) и Русија (3,6%). Споредено со минатата година, може да се заклучи дека се има зголемено перципираното влијание на ЕУ меѓу етничките Македонци (од 24,7% на 34%), додека перципираното влијание на Русија бележи значителен пад (од 29,9% на 3,6%). Тенденцијата меѓу етничките Албанци да ја перципираат ЕУ како највлијателна сила останува иста како и минатата година (53,4%), по која следат САД (34,4%) и Русија (4,5%). Во обата случаи, САД се перципира како највлијателен надворешен фактор за македонските граѓани.




Покрај тоа, разликите на етничка основа се поклопуваат со политичката припадност на испитаниците. Со други зборови, симпатизерите на партиите од македонскиот политички блок ги перципираат САД како повлијателен фактор од ЕУ како во случајот на ВМРО-ДПМНЕ (49,3% споредено со 39,9%) или ги перципираат двете сили како фактори со слично влијание, како што е случајот со СДСМ

(41% од испитаниците кои одговориле „ЕУ" споредено со 39,1% од испитаниците кои одговориле „САД"). Од друга страна, ситуацијата во албанскиот политички блок е појасна. Симпатизерите на ДУИ, ДПА и БЕСА ја перципираат ЕУ како највлијателен надворешен фактор во Македонија (56,3%, 50% и 51,7%, соодветно). Единствен исклучок е Алијансата за Албанците, чиишто симпатизери ги перципираат САД како повлијателни од ЕУ (44,4% споредено со 40,7%).




## Најдобриот сојузник на Македонија

Перцепциите на испитаниците за најдобриот сојузник на земјата очекувано откриваат дека ЕУ е најдобар сојузник на Македонија (41,8%), а по неа следат САД (16,6%) и Русија (13,8%).




Ваквиот тренд останува еднаков и кога се испитува според етничката припадност на испитаниците. Сепак, се чини дека етничките Албанци веруваат во сојузот ЕУ-Македонија повеќе од етничките Македонци (61,5% наспроти 36,4%). Покрај тоа, етничките Македонци ја гледаат Русија како втор најдобар сојузник на земјата (18%), додека етничките Албанци ја имаат таа перцепција за САД (21,3%), а ја идентификуваат Турција како трет најдобар сојузник на земјата (10%).




Перцепциите на испитаниците кога тие се испитуваат според нивната политичка припадност и етнополитички блокови откриваат зошто во графиконот погоре се претставени овие резултати. Поддржувачите на СДСМ (51,7%) и ВМРО-ДПМНЕ (30,7%) ја делат перцепцијата дека ЕУ е најдобар сојузник на Македонија. Како и да е, за разлика од припадниците на СДСМ кои во САД го гледаат вториот најважен сојузник на Македонија (17%), поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ на ова место ја идентификуваат Русија (23,4%). Во албанскиот политички блок, ДУИ, БЕСА и Алијансата за Албанците исто така ја гледаат ЕУ како најдобар сојузник на земјата (62%; 69% и 48,1% соодветно), а САД како втор (25,4%; 13,8% и 29,6%). Поддржувачите на ДУИ ги гледаат ЕУ и САД како подеднакво важни сојузници на Македонија (37,5%).




# Присуство и видливост на донаторите

Новина во овогодинешното истражување се прашањата поврзани со присуството на странски донатори во земјата и нивната видливост за граѓаните. Во овој поглед, мнозинството испитаници (42,8%) сметаат дека ЕУ е најголем донатор во Македонија, а по неа следат САД (16,6%) и Турција (8,2%).




Во овој контекст, се чини дека македонските граѓани покажуваат многу поголемо разбирање на реалноста земајќи предвид дека ЕУ е навистина најголем донатор во земјата. Ова не е случај, ако за споредба ја погледнеме состојбата со перцепциите на граѓаните од другите земји во регионот. Таков случај е Босна и Херцеговина, каде што испитаниците во студијата на Меѓународниот републикански институт насловена „Босна и Херцеговина: Ставови за насилниот екстремизам и странското влијание“ ги перципираат Турција и ЕУ како најголеми донатори во земјата (22%), по што следат Германија и Русија (8%) и САД и земјите од Средниот Исток (6%).[6] Всушност, најголем донатор во Босна е ЕУ која придонела со повеќе

6 Повеќе информации IRI "Bosnia and Herzegovina: Attitudes on Violent Extremism and Foreign Influence" IRI: 2017. на http://www.iri.org/sites/default/files/iri_bosnia_poll_february_2017.pdf (пристапено на 22-ри февруари 2018).

од 35.000.000 евра во 2016 година.[7] Слично на ова, како дел од истражување на јавното мислење спроведено во Србија во 2017 година, кога било поставено истото прашање, испитаниците ги позиционирале и ЕУ и Русија на прво место со 24%, по кои следела Кина со 20%.[8] Повторно, најголем донатор во Србија е несомнено ЕУ која придонесува со 59,9% од неповратната меѓународна помош дадена на Србија во периодот меѓу 2000 и 2016 година, со тоа оставајќи ги Русија и Кина далеку позади себе.[9] Не се забележани значајни разлики меѓу демографските категории.

Сепак, кога се поставува прашањето колку пари ѝ дава ЕУ на Македонија на годишно ниво, недавајќи им на испитаниците рамка со избор од понудени одговори, мнозинството испитаници не се воопшто информирани за износот обезбедени парични средства (69%). Од вкупниот процент информирани испитаници, мнозинството (8,1%)

7 Повеќе информации на следниов линк на Министерството за финансии и трезор на Босна и Херцеговина “Pregled aktivnosti donatora 2016” Forum za koordinaciju donatora 2016. на https://www.mft.gov.ba/bos/images/stories/medjunarodna%20saradnja/koordinacija_medjunarodne_pomoci/pregled_aktivnosti/DMR%202016%20-%20Pregled%20aktivnosti%20donatora%20u%202016.pdf (пристапено на 22-ри февруари 2018).

8 Повеќе информации на следниов линк на Министерството за европски интеграции на Србија “Evropska orientacija gradjana Srbije” Ministarstvo za evropske integracije 2017. на http://www.mei.gov.rs/upload/documents/nacionalna_dokumenta/istrazivanja_javnog_mnjenja/javno_mnjenje_decembar_17.pdf (пристапено на 22-ри февруари 2018).

9 Повеќе информации на следниов линк на Министерството за европски интеграции на Србија “Evropska orientacija gradjana Srbije” Ministarstvo za evropske integracije 2017. на http://www.mei.gov.rs/upload/documents/nacionalna_dokumenta/istrazivanja_javnog_mnjenja/javno_mnjenje_decembar_17.pdf (пристапено на 22-ри февруари 2018).

смета дека ЕУ ѝ дава на земјата повеќе од 200.000.000 евра годишно. Ваквите наоди сугерираат дека видливоста на ЕУ во овој специфичен сегмент, но исто така и нејзината стратешка комуникација на терен во Македонија остава широк простор за подобрување бидејќи мнозинството од испитаниците не се информирани за нејзиниот степен на финансиски придонес во земјата.




# Улогата на ЕУ во унапредување на владеењето на правото во Македонија

Една од најочигледните промени споредено со истражувањето минатата година е перципираната улога на ЕУ во домашната политичка ситуација. Како што беше

споменато претходно, во минатогодишното истражување имаше забележителен раст на руското влијание во земјата од аспект на перципираниот најдобар сојузник на Македонија, додека САД беа перципирани како најдоминантна надворешна сила со најголемо влијание во земјата, дури двојно поголемо од ЕУ.[10] Видливиот скептицизам и намаленото влијание на ЕУ, сепак, немаше ефект на прелевање врз перцепцијата дека процесот на пристапување на Македонија кон ЕУ ќе придонесе кон зајакнување на владеењето на правото во земјата. Во 2017 година речиси 70% од испитаниците одговорија дека процесот на пристапување кон ЕУ ќе придонесе или донекаде ќе придонесе кон владеење на правото во земјата.

Продолжува трендот на позитивна перцепција за ЕУ во домашните политички процеси. Имено, испитаниците на сите прашања поврзани со улогата на ЕУ низ седум различни категории имаат повеќе позитивни отколку негативни одговори, при што најпозитивните се однесуваат на улогата на ЕУ во извршување на судските одлуки. Судството е постојано една од институционалните области со најмала доверба кај граѓаните, така луѓето ги вложуваат своите очекувања во ЕУ со цел помош за извршување на судските одлуки. Поконкретно, 58,2% од испитаниците сметаат дека ЕУ значително или донекаде ќе придонесе кон ефективно и навремено извршување на судските одлуки (категорија 1). Слично на ова, дури 57,9%

10 Повеќе информации: Зоран Нечев и Христијан Петрушевски. „Кредибилитетот на ЕУ во Република Македонија е доведен во прашање“. ИДСЦС: 2017. Скопје. на http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2017/02/Publication-EU-credibility-at-stake-in-Macedonia.pdf (пристапено на 31-ви јануари 2017).

од испитаниците сметаат дека ЕУ значително или донекаде ќе придонесе кон можноста за спроведување фер истраги од страна на Јавното обвинителство (категорија 2), што е исто така релативно висок показател кога станува збор за довербата во ЕУ за прашања поврзани со судството.

Другите показатели откриваат слична состојба каде испитаниците имаат најголема доверба, наредени од најголема кон најмала доверба:

- 57,0% од испитаниците сметаат дека ЕУ значително или донекаде ќе придонесе кон стабилноста и доследноста на законите во земјата (категорија 3);
- 56,9% од испитаниците сметаат дека ЕУ значително или донекаде ќе придонесе кон почитување и спроведување на законите од страна на самата власт (категорија 4);
- 56,7% од испитаниците сметаат дека ЕУ значително или донекаде ќе придонесе кон спречување на злоупотреба на јавните функции (категорија 5);
- 56,3% од испитаниците сметаат дека ЕУ значително или донекаде ќе придонесе кон зголемување на независноста на судството во Македонија (категорија 6);
- 56,2% од испитаниците сметаат дека ЕУ значително или донекаде ќе придонесе кон обезбедување еднаквост пред законот (категорија 7);




Очигледно е дека во сите категории општиот став на испитаниците е позитивен и дека нема видливи разлики во ставовите, без разлика на категоријата. Сепак, постојат разлики на етничка основа, земајќи предвид дека во сите категории испитаниците, етнички Албанци, покажуваат поголема доверба во ЕУ од испитаниците етнички Македонци. Покрај тоа, кога станува збор за политичката припадност, јасно е дека од испитаниците дефинитивно најголеми оптимисти се поддржувачите на СДСМ, по кои следат поддржувачите на ДУИ и БЕСА, додека трендот - поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ да бидат најрезервирани, продолжува во сите категории од поставеното прашање. Во врска со другите демографски категории се забележува дека луѓето од градските средини изразуваат поголем оптимизам кон ЕУ споредено со испитаниците од руралните области (повторувачка шема).

# Доверба во Владата за испорачување резултати по прашања поврзани со владеење на правото

Довербата во работењето на Владата во поглед на тековните политички процеси и нејзината улога во обезбедување функционална демократија преку намалување на можностите за заробување на државата е посебна тема која предизвикува мешани чувства кај испитаниците. Испитаниците беа замолени да ја проценат својата доверба во Владата на скала од 1 (најниска) до 10 (највисока) во однос на девет категории. Во сите девет категории постои видлив скептицизам кај испитаниците, додека збирниот процент на негативни одговори (1 до 5) кој одразува помала доверба јасно го надминува збирниот процент на позитивни одговори (6 до 10) во осум од девет категории, исклучувајќи ги испитаниците кои одбиваат да одговорат или не знаат како да го одговорат прашањето.

Најголема концентрираност на негативни одговори се јавува во поглед на можноста Владата да овозможи соработка со Претседателот на Република Македонија. Негативниот корпус на одговори (1 до 5) збирно изнесува 56,8%, додека позитивни одговори (6 до 10) се јавуваат кај 31,1% од севкупниот примерок испитаници. Друг показател укажува на фактот дека ова е дефинитивно прашањето кое поттикнува најизразени емоции кај испитаниците, особено што бројот на најскептични граѓани, кога станува збор за односот меѓу Претседателот и Владата (испитаниците

избираат 1), е најголем од сите прашања и изнесува 17,1%, што одговара на една петтина од испитаниците. Ова јасно укажува на тоа дека мнозинството од испитуваната популација не верува дека е реално возможна кохабитација меѓу Претседателот и Владата.




Во однос на ова, албанските испитаници се малку поскептични од македонските испитаници, додека скептицизмот повеќе или помалку расте подеднакво како што е повисок степенот на образование на испитаниците. Конзервативните гласачи, како што е очекувано, се многу поцинични по ова прашање (гласачите на ВМРО-ДПМНЕ), за разлика од гласачите на СДСМ и ДУИ кои искажуваат попозитивни ставови кога станува збор за кохабитација меѓу Владата и Претседателот на земјата.


Владата да овозможи соработка со
Претседателот на Република Македонија
(испитувано според етничка припадност)
Корпус позитивни одговори (6 - 10)
Корпус негативни одговори (1 - 5)
0%
10%
20%
30%
40%
50%
60%
70%
Албанци
Македонци


Владата да овозможи соработка со
Претседателот на Република Македонија
(испитувано според политичката припадност)
Корпус позитивни одговори (6 - 10)
Корпус негативни одговори (1 - 5)
0%
10%
20%
30%
40%
50%
60%
70%
ДУИ
СДСМ
ВМРО-ДПМНЕ

За разлика од изгледите за кохабитација, единствената категорија, од сите девет, каде што позитивните ставови се почести од негативните се очекувањата кои се насочени кон Владата кога станува збор за сузбивање на организираниот криминал и корупцијата. Во овој специфичен случај, позитивните одговори покриваат 38,5%, додека негативните одговори покриваат 34%.




Ова е дефинитивно прашањето каде што испитаниците се најголеми оптимисти, додека бројот на најскептични и најмалку скептични испитаници е еднаков кај ова прашање (16,1%). Најоптимистички настроена статистичка група се гласачите на СДСМ, додека конзервативните поддржувачи (ВМРО-ДПМНЕ) се значително поскептични кога станува збор за можниот успех на Владата да го сузбие организираниот криминал и корупцијата.




Како и да е, остатокот од показателите поврзани со успехот на Владата за решавање суштински општествени прашања со кои што грубо се дефинираат областите каде што вообичаено се јавува заробување на државата укажува на порезервирана позиција на испитаниците. Доколку треба да се направи листа од најоптимистичките до најмалку оптимистичките позиции, во поглед на испитуваните категории, тогаш е очигледно дека испитаниците се најрезервирани кога станува збор за успехот на Владата да воспостави департизација на јавната администрација. Збирниот процент на негативни одговори изнесува 53,1% наспроти 35,5% позитивни одговори. Се јавува статистички нерелевантна разлика на етничка основа кога станува збор за двете најголеми етнички групи во земјата, значејќи дека и етничките Македонци и етничките Албанци го делат истиот негативен став за можноста за воспоставување професионална администрација. Негативните ставови по

ова прашање се зголемуваат како што се зголемува степенот на образование кај испитаниците, додека значителни разлики се јавуваат кога се анализира партиската перспектива. Гласачите на ВМРО-ДПМНЕ, повторно, се многу попесимистички настроени кога станува збор за можноста Владата на Република Македонија да успее во департизација на јавната администрација, споредено со гласачите на СДСМ и ДУИ.

Со остатокот од показателите, распоредени од најнегативни кон попозитивни ставови на испитаниците, се земаат предвид хипотетичките достигнувања на Владата за градење независно и ефикасно судство, враќање на довербата во службите за безбедност и контраразузнавање, како и можното ослободување на медиумскиот простор од политичко влијание. Во првиот случај - градење независни, непристрасни, професионални и ефикасни судови - процентот на негативни одговори изнесува 50,6%, додека процентот на позитивни одговори изнесува 38,7%. Во вториот случај, враќање на довербата во службите за безбедност и контраразузнавање, се јавува сличен процент - точно половина од испитаниците имаат негативен став, додека кампусот на оптимистите одговара на 37,6% од сите испитаници. Во третиот случај, во однос на ослободувањето на медиумскиот простор од политички влијанија, негативниот кампус зазема нешто помалку од половина од испитаниците, т.е. 49,5%, додека позитивните одговори биле опција за 39,5% од испитаниците, укажувајќи на донекаде помала цинична поставеност на испитаниците отколку кај претходните две прашања.

Анализирајќи ги овие три категории од перспектива на демографските категории може да бидат извлечени

сличности во сите три случаи. Во првиот случај, етничките Македонци се донекаде поскептични отколку Албанците дека Владата би можела да успее да изгради независно и непристрасно судство, додека степенот на образование не влијае на никаков сигурен начин врз ставовите околу ова прашање. Дополнително, најскептичната категорија граѓани (кои избрале 1) доаѓа од невладиниот сектор, додека гласачите на ВМРО-ДПМНЕ се повторно поголеми песимисти од гласачите на СДСМ и ДУИ. Кога станува збор за можниот успех на Владата да ја врати довербата во службите за безбедност и контраразузнавање, нема значителни разлики во искажаниот скептицизам кај етничките Македонци и етничките Албанци, додека единствената видлива разлика во демографските категории е повторувачката шема на конзервативни гласачи, кои се поскептични од провладините гласачи (СДСМ и ДУИ). Прашањето за можниот успех на Владата да го ослободи медиумскиот простор од политички влијанија од демографска перспектива, не укажува на никакви специфичности освен од аспект на очекуваната политичка ориентација каде што конзервативните гласачи се повторно поскептичната група испитаници. Се чини дека најодлучувачка категорија во сите споменати случаи е политичката припадност, додека етничката припадност и степенот на образование имаат многу мала улога.

Со последните две прашања не се разгледуваат директно прашања поврзани со областите каде што би можело да се случи заробување на државата, но тие се поврзани со еден системски и еден тековен политички проблем. Имено, првото прашање се однесува на довербата кај испитаниците во Владата да овозможи парламентарен надзор врз нејзиното работење, каде што 49,7% од

испитаниците се резервирани, за разлика од 38,2% од испитаниците, кои изразуваат одредено ниво на доверба. Второто прашање се однесува на довербата кај испитаниците во Владата да обезбеди мнозинство за усвојување на Законот за употреба на јазиците (Закон за јазици), каде што слично како и кај претходното прашање, збирниот процент на негативни ставови изнесува 45,3%, за разлика од позитивниот збирен процент кој изнесува 40,6%. Кај двете прашања, како и кај претходните, единствената демографска категорија, каде што се јавува видлива и значајна разлика, е партиската припадност, со тоа што конзервативните гласачи се поскептични отколку гласачите кои припаѓаат на ДУИ и СДСМ.